Согласно член 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52 од 16. 04. 2010 година), основачкото Собрание на **Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје**, на ден 12.12.2014 година, донесе

# СТАТУТ

на

**Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје**

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје,** дејствува во насока на промоцијата на женските права, женската интелектуална и креативна продукција и воопшто во развојот на културната сцена и општествениот активизам во РМ.

Во својата работа здружението е непартиско и непрофитно.

**Член 2**

Здружението има својство на правно лице и е запишано во регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 3**

Полното име на здружението е **Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје**, а кога тоа ќе биде потребно ќе се користи кратенката **ТИИИИТ! ИНК. - Скопје.**

Името на здружението на македонски јазик и кирилично писмо се наоѓаат на печатот на здружението.

За комуникација со странство здружението ќе го користи името **Tiiiit!Inc. - Skopje**.

**Член 4**

Седиштето на здружението е на ул. Козле 49б, Скопје

Здружението се организира и делува на подрачјето на Република Македонија.

**Член 5**
Здружението има свој заштитен знак (лого).

Печатот на здружението е тркалезен и го содржи полното име на здружението.

Штембилот на здружението е правоаголен и го содржи следниот текст:
**Здружението на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје**
Број -------------
---- // ---- година
Скопје

## ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

**Член 6**
Цели на здружението се:

1. Да работи на унапредувањето на женските права
2. Активно да учествува во промоцијата на женските права, на женската интелектуална и креативна продукција
3. Да создава неексклузивен простор кој ќе ја поттикне и отвори можноста за препозданвање, континуирано следење и вреднување на активната женска сфера во РМ
4. Да поттикне поактивна и проактивна соработка и врмрежување меѓу актерите на активната женска сфера во РМ
5. Да учествува во развојот на културната сцена и општествениот активизам во РМ

**Член 7**
Здружението ги остварува своите цели преку:

- организирање работилници, семинари, конференции, едукативни средби, јавни трибини и дебати;
- организирање јавни интермедијални настани, фестивали, концерти, изложби, перформанси, театарски претстави, видео проекции и сл;
- формирање мрежи и платформи на активисти и професионалци од областа на дејствување;
- соработка со надлежните институции од областа на дејствување;
- соработка и имплементација на заеднички проекти со домашни и странски институциии и организации кои имаат исти или слични цели и задачи;
- континуирано следење, истражување и анализа на случувањата во областа на дејствување, во Р. Македонија и во странство;
- издавање на печатени и електронски публикации;
- оддржување веб страна, контакти со медиумите и реализација на редовни медиумски настапи за зголемување на видливоста на здружението;
- други слични форми и начини на дејствување.

**Член 8**

За остварување на своите цели, здружението може слободно да се здружува и да формира мрежи на организации, национални и интернационални, како и слободно да истапи од нив.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 9**

Органи на здружението се Собрание, Извршен одбор и Претседател.

**Член 10**

Собранието на здружението ги врши следните работи:

- донесува Статут и оддлучува за промени во Статутот;
- донесува Програма за работа на здружението;
- донесува Годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува Завршна сметка и Финансиски план за работа;
- избира и разрешува Извршен одбор;
- избира и разрешува Претседател;
- избира и разрешува Претседател на Собранието;
- го усвојува Годишниот извештај за работата на Извршниот одбор;
- одлучува за оттуѓување на имотот на здружението;
- одлучува за промена на целите на здружението;
- одлучува за престанок на работа на здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува за работи кои не се во надлежност на другите органи и тела на здружението;
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти за здруженијата на граѓани.

**Член 11**

Собранието работи на седници кои ги свикува Претседателот на Собранието.

Собранието има седница најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Претседателот на здружението, Извршниот одбор, или на ⅕ од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Претседателот на здружението, членовите на Извршниот одбор или иницијаторите.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 5
СКОПЈЕ

Членовите на Собранието за седницата се известуваат со писмена покана, со јавно известување истакнато во просториите на здружението или со јавно известување пренесено по достапните канали за комуникација.

**Член 12**

Собранието може да работи и одлучува доколку на седницата се присутни половина од регистрираните членови на здружението.

На Собранието се одлучува со јавно гласање.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

**Член 13**

Собранието, по правило, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Собранието одлучува со двотретинско мнозинство за:
- измени на Статутот;
- промени на целите на здружението;
- престанок или спојување со друга организација или здружение.

**Член 14**

Извршниот одбор на здружението е составен од 3 (три) члена кои ги избира Собранието.

Членовите на Извршниот одбор се бираат со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.

Мандатот на член на Извршниот одбор може да престане и пред истекот, на барање на членот или со одлука на Собранието.

**Член 15**

Извршниот одбор е највисок орган на здружението помеѓу две седници на Собранието и како таков ги извршува следните работи:
- подготвува нацрт-Статут, нацрт-Програма за работа, нацрт-Годишен извештај, Финансискиот извештај и Завршната сметка.
- подготвува седници на Собранието;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето во здружението;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките на Собранието;
- ја спроведува Програмата за работа;
- управува и одговара за управување со имотот на здружението;

- формира тела на организацијата и врши надзор на нивната работа;
- подготвува Годишен извештај за својата работа;
- води регистар на членовите на здружението;
- врши други работи.

**Член 16**

Извршниот одбор работи на седници кои ги свикуваат неговите членови.

Претседателот на здружението раководи и ги подготвува седниците на Извршниот одбор.

Извршниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови од членовите.

**Член 17**

Собранието го избира Претседателот на здружението со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.

**Член 18**

Претседателот на здружението ги врши следните работи:

- го застапува здружението пред трети лица;
- потпишува договори во име на здружението;
- е потписник на сметката на здружението;
- ја потпишува завршната сметка на здружението;
- врши други работи утврдени со Статутот и со останатите акти.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 19**

Член на здружението може да биде секој полнолетен граѓанин – државјанин на Република Македонија, кој е квалификуван за истражувачка работа дефинирана во член 1 од овој Статут, кој доброволно ќе пристапи кон здружението со давање писмена изјава и кој ќе ги прифати целите и здружението наведени во овој Статут, како и начините за остварување на истите.

Во здружението можат да членуваат и правни лица регистрирани на територијата на Република Македонија и во други земји, како и физички лица кои не се државјани на Република Македонија под услови и на начин определени со закон.

За членство одлучува Извршниот одбор на здружението.

Секој член има право да биде биран во органите на здружението и да придонесува кон неговиот развој.

Здружението води регистар за членство на своите членови, кој се обновува еднаш годишно.

**Член 20**

Членство во здружението престанува со писмена изјава на членот, со исклучување заради кршење на одредбите на Статутот и другите акти и по одлука на Извршниот одбор.

## СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТ

**Член 21**

Здружението може да се стекнува со имот на начин и под услови утврдени со закон и со овој Статут.

Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку: членарина, донации, грантови, подароци, прилози, спонзорства и од приходи од стручни и други активности.

Здружението може да добива средства и од Буџетот на РМ, буџетите на единиците на локална самоуправа и буџетот на град Скопје, согласно со одредбите на законот.

**Член 22**

За стекнување на имот на здружението одлучува Извршниот одбор, и истиот води евиденција за него.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 23**

Работата на здружението е јавна.

За работата и активностите на здружението јавноста се информира преку прес-конференции, или преку печатените или електронските материјали што ќе бидат објавени и дистрибуирани.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Овој Статут може да биде изменет на начин на кој што е донесен, по иницијатива на Извршниот одбор или ⅔ од вкупниот број на членови на Собранието.Иницијативата треба да има аргументирано образложение.

РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА ... СКОПЈЕ

**Член 25**

Предлог-Статутот како и предлог измените и дополнувањата се ставаат на расправа најмалку 30 дена пред неговото донесување, а се усвојуваат со ⅔ мнозинство на Собранието.

**Член 26**

Статутот влегува во сила веднаш по неговото усвојување.

Сите акти на здружението мора да се во согласност со овој стаут.

**Член 27**

За престанок на здружението одлучува Собранието со ⅔ мнозинство од гласовите на присутните доколку:

- бројот на членови се намали под бројот потребен за основање на здружението;
- Уставниот суд на РМ утврди дека Статутот и Програмата на здружението не се во согласност со Уставот;
- се утврди дека здружението престанало со работа; и
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 28**

По престанокот на здружението, подмирувањето на обврските и бришење од Регистарот на здруженија на граѓани, имотот на здружението ќе и припадне на граѓанска или хуманитарна организација.

Скопје, 12. 12. 2014

Јана Коцевска

Претседателка